Уп. бр. 08-105

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 40-8, Скопје преку Д-р. Валентин Пепељугоски, адвокат од Авокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден 22.07.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 40-8, Скопје ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Милан Мијалковиќ бр. 54, Скопје„по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиі административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.06.2026 година, а дополнето на 02.07.2026 година и на 06.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 40-8, Скопје, со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Милан Мијалковиќ бр. 54, Скопје„по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје** е новоосновано трговско друштво основано со цел спроведување на трансакцијата и истото сè уште не остварува никакви деловни активности ниту приходи по било кој основ.

Основач и единствен содружник на АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје е АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД, Србија кое работи во областа на медиуми, новинарство и дигитално издаваштво, произведување и дистрибуција на информативни и новинарски содржини за поширокта јавност. АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД е познато на регионалниот пазар како издавач на дневниот весник Alo! и на онлајн информативниот портал Alo.rs, кои покриваат различни теми, тргнувајќи од актуелни настани, политика, бизнис, забава, спорт и животен стил.Основните активности на друштвото вклучуваат креирање содржини, издавање весници, управување со дигитални медиуми и мултимедијална продукција. Преку своите печатени и онлајн канали, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД подготвува вести, интервјуа, аналитички текстови, репортажи и видео содржини. Покрај новинарството и издаваштвото, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД остварува приходи од рекламирање, комерцијални партнерства, спонзорирани содржини и други медиумски услуги. Краен сопственик на АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД е физичкото лице Саша Благојевиќ.

**Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје** ги остварува своите деловни активности во областа на радиодифузијата и медиумите, обезбедувајќи лиценцирана ФМ радио програма за слушателите на регионално ниво, во градот Скопје и неговата околина. Негова основната дејност е креирање, уредување и емитување на радио содржини, вклучувајќи музичка, забавна, културна и информативна програма. Покрај од радиодифузна и медиумска дејност, истото остварува приходи преку продажба на рекламно време, спонзорства, промотивни кампањи и други медиумски услуги.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**